РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 08-527

Скопје 03.05.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од истиот Закон, член 14 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.62/06, 27/08, 117/09, 150/10, 171/10 и 135/12) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Барањето на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, претставувано од управителот Горанчо Гаврилов и Слободанка Блажевска од Штип, бр.0306-110 од 24.04.2019 година (Уп1 бр.08-527 од 30.04.2019 година) за одлагање на извршување на Одлуката на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година и Предлогот Уп1 бр.08-527 од 02.05.2019 година, на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, бр.02-2430/4 од 03.05.2019 година, Советот на Агенцијата на 20-та седница, одржана на 03.05.2019 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за одбивање на барање за одлагање на извршување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година

1. СЕ ОДБИВА Барањето на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, претставувано од управителот Горанчо Гаврилов и Слободанка Блажевска од Штип, бр.0306-110 од 24.04.2019 година (Уп1 бр.08-527 од 30.04.2019 година) за одлагање на извршување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно – музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.70/19).

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнувањена Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

## Образложение

Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, претставувано од управителот Горанчо Гаврилов и Слободанка Блажевска од Штип, поднесоа Барање бр.0306-110 од 24.04.2019 година (Уп1 бр.08-527 од 30.04.2019 година) за одлагање на извршување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно – музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.70/19).

Во цитираното Барање, подносителите бараат, одлагањето на извршувањето на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година да трае се до конечното завршување на постапката пред Управниот суд на Република Северна Македонија, по повод тужбата поднесена од нивна страна против предметната одлука, а заради тоа што доколку се пристапело кон извршување на предметната одлука, како што наведуваат во барањето, би им се нанела штета, а одлагањето на извршувањето не било спротивно на јавниот интерес, ниту пак би се нанело ненадоместлива штета на лицето Фисник Татеши од Струга, на кое му е додела дозволата.

Имено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот бр.02-1746/2 од 02.04.2019 година, на својата 16-та седница одржана на 02.04.2019 година, ја донесе Одлуката Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година, за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно – музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво на лицето Фисник Татеши од Струга („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.70/19). Согласно точка 8 од цитираната Одлука, истата е конечна.

При донесувањето на Одлуката Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.70/19), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, во целост ја запази законски пропишаната постапка за нејзиното донесување во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), како од аспект на рокот за нејзино донесување така и од аспект на рокот за нејзино издавање.

Согласно член 77 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), избраниот кандидат по приемот на Одлуката за доделување дозвола за радио емитување, треба да се регистрира во соодветниот регистар како трговско радиодифузно друштво.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 77 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, ќе ја издаде дозволата за радио емитување.

Во врска со претходното, на 03.04.2019 година, Агенцијата со допис – Известување Уп1 бр.08-84 од 03.04.2019 година, на избраниот кандидат, Фисник Татеши од Струга, му ја испрати Одлуката Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година за доделување дозвола, при што го извести за законската обврска пропишана во членот 77 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и дека по

нејзиното исполнување од страна на избраниот кандидат, Агенцијата ќе постапи согласно член 77 став 2 од истиот закон, односно во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, ќе му ја издаде предметната дозвола за радио емитување.

Избраниот кандидат, Фисник Татеши од Струга, на 04.04.2019 година, го прими напредцитираното Известување, со во прилог доставена одлука за доделување дозвола Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година.

На 18.04.2019 година, од страна на избраниот кандидат Фисник Татеши до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставено е Решение од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден број: 35020190009448 од 16.04.2019 година, со кое е извршен упис на основање на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга (Уп1 бр.08-84 од 18.04.2019 година).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30.04.2019 година ја издаде Дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга бр.08-234 од 30.04.2019 година. Дозволата, согласно член 79 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се издава за период од 9 (девет) години, во конкретниот случај за временскиот период од 03.04.2019 година до 02.04.2028 година.

Согласно член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година, на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга од страна на Агенцијата на 03.05.2019 година издадена му е Фактура наш арх.бр.05-2479/1 од 03.05.2019 година за годишниот надоместок за радио емитување, која радиодифузерот е должен да ја плати во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, а се однесува за годишниот надоместок за периодот од 03.04.2019 година (датумот на доделување на дозволата), заклучно со 02.04.2020 година.

Одлуката за доделување на дозвола, согласно член 75 став 7 од Законот за аудио и аудиовизелни медиумски услуги е конечна, а учесниците на конкурсот кои не се задоволни од одлуката имаат право во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на истата да поднесат тужба до надлежниот суд. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Согласно член 14 став 1 од Закон за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06, 27/08, 117/09, 150/10, 171/10 и 135/12), тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена.

Имајќи го предвид сето понапред наведено, Агенцијата во целост во согласност со пропишаната процедура во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), ја донела одлуката за доделува дозвола и ја издала Дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга бр.08-234 од 30.04.2019 година, согласно која имателот на дозволата е должен да започне со вршење на дејноста во рок од 90 (деведесет) дена од денот на издавањето на дозволата и истиот е должен да работи во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, прописите донесени врз основа на него, како и во согласност со условите утврдени во дозволата.

Оттука, секое одлагање на извршувањето на Одлуката Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година, за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно – музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво

на лицето Фисник Татеши од Струга, би можело да придонесе за нанесување потенцијална штета на избраниот кандидат, односно имателот на дозволата.

Согласно погоре наведеното, Советот на Агенцијата на 20-та седница одржана на 03.05.2019 година, со Заклучок, бр.02-2430/4 од 03.05.2019 година, во врска со Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-527 од 02.05.2019 година одлучи да се одбие Барањето на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, претставувано од управителот Горанчо Гаврилов и Слободанка Блажевска од Штип, бр.0306-110 од 24.04.2019 година (Уп1 бр.08-527 од 30.04.2019 година) за одлагање на извршување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно – музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.70/19).

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателите можат да поднесат тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, Горанчо Гаврилов;
- Слободанка Блажевска од Штип;
- Секторот за правни работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.